ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Врз основа на член 9 точка 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18) и член 34 од Правилникот за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија, бр.01-493/1 од 22.06.2015 година, главниот државен ревизор донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за изменување и дополнување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година

1. Во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година број 01-741/1 од 31.12.2019 година, во Прегледот на планирани ревизии за 2020 година, Прилог 1 –Ревизија на регуларност, реден број во ГП „27" - ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација – Скопје, реден број „ 28" - ЈЗУ УК за кардиохирургија – Скопје, реден број „29" - ЈЗУ Завод за превенција лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид и реден број „31" - ЈЗУ Центар за јавно здравје Скопје, се бришат и истите се пренесуваат како можни ревизии кои ќе бидат предмет на оценка за опфат во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година.

2.Во Прегледот на планирани ревизии за 2020 година, Прилог 1 –Ревизија на регуларност, по реден број 25 се додава „реден број 26" и тоа:

| ИК | Ред. бр. во Годишна програма | Ред. бр. во класата | ОПИС | Место |
|---|---|---|---|---|
| 5 | 26 | 6 | ДСД "Томе Стефановски Сениќ" | Скопје |

3.Во Прегледот на планирани ревизии за 2020 година Прилог 1 - Ревизија на успешност/ ревизии на усогласеност/ ИТ ревизија, се додаваат две ревизии на усогласеност и тоа:

| ИК | Ред. бр. во Годишна програма | Ред. бр. во класата | О П И С | Место |
|---|---|---|---|---|
| РУС | 45 | 11 | Спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во Општина Струга | Струга |
| РУС | 46 | 12 | Спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во Општина Охрид | Охрид |

4.Редните броеви од 1 до 46 се усогласени согласно направените измени, а со тоа се усогласуваат и редните броеви во класата.

5.Годишната програма за изменување и дополнување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година влегува во сила со денот на донесувањето.

**Главен државен ревизор,**

**м-р Максим Ацевски**

**Бр.01 - 631/1**
**Скопје 02.06.2020**

**Изготвил:**
Сектор за унапредување на ревизијата и следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди

**Одобрил:**
Тања Јаневска, ПГДР